**Работен лист – прашања и одговори за текстот „Глувците што стоеле на глава**
**Наставник :**

Ученик : ___________________

**Внимателно прочитај ги прашањата, размисли и одговори со убави и јасни реченици !**

| 1. Зошто Лабон се насмеал кога видел дека нема глувци во стапиците? |
|---|
| |

| 2. Втората ноќ, каде мислеле глувците дека стојат и што решиле да направат во врска со тоа? |
|---|
| |

| 3. Каде ги ставил Лабон глувците кога ги собрал од подот? |
|---|
| |

| 4. Ти дозна каков е Лабон од она што тој го прави. Опиши каков е тој и наведи два примери што прави Лебон, што го покажува тоа. |
|---|
| |

| 5. Размисли што правеле Лабон и глувците во приказната. Објасни што ја прави приказната да биде неверојатна. |
|---|
| |

LIVEWORKSHEETS

**Работен лист – прашања и одговори за текстот „Глувците што стоеле на глава**
**Наставник :**

**Внимателно прочитај и препиши !**

| **Најди и препиши една реченица која ја покажува паниката што глувците ја чувствувале втората ноќ.** |
| --- |
| |

**Збирка од ослободени задачи од меѓународната студија ПИРЛС**

## „Глувците што стоеле на глава“

**од Роалд Дал**

Некогаш одамна живеел некој старец кој имал 87 години и се викал Лабон. Целиот свој живот тој бил тивка и мирољубива личност. Бил многу беден и многу среќен.

Кога Лабон открил дека имало глувци во неговата куќа, на почетокот, тоа не го загрижувало многу. Но, глувците се намножиле. Почнале да му пречат. Продолжиле да се множат и најпосле дошло време кога тој веќе не можел да го поднесе тоа.

„Па, ова е премногу“, - си рекол. „Ова навистина е претерано.“ Излегол од куќата, куцајќи по патот до една продавница каде купил неколку стапици за глувци, парче сирење и малку лепило.

Кога стигнал дома, намачкал лепило на долната страна на стапиците и ги залепил на таванот. Потоа, во нив внимателно ставил мамки со парченца сирење и ги наместил така за да можат да се откачат.

Таа ноќ, кога глувците излегле од своите дупки, ги виделе стапиците на таванот и помислиле дека тоа е некаква голема шега. Се движеле по подот, подбуцнувајќи се и покажувајќи нагоре со своите

LIVEWORKSHEETS

предни шепи и гласно се смееле. Впрочем, тоа било доста смешно, стапици за глувци на таван.

Кога следното утро Лабон слегол долу и видел дека ниту еден глушец не се фатил во стапиците, тој се насмевнал, но не рекол ништо.

Земал една столица, намачкал лепило на долниот дел од нејзините ногарки и ја залепил превртена на таванот, близу до стапиците. Истото го направил и со масата, со телевизорот и со ламбата. Ги земал сите работи што биле на подот и ги залепил превртени на таванот. Ставил дури и едно мало килимче.

Следната ноќ, кога глувците излегле од своите дупки, тие сѐ уште се шегувале и се смееле за она што го виделе претходната ноќ. Но сега, кога погледнале нагоре кон таванот, тие наеднаш престанале да се смеат.

„Оф, леле мајко!" - извикал еден од нив. „Погледнете таму горе! Ене го подот!"

„Неверојатно!" - викнал друг. „Па, ние како да стоиме на таванот!"

„Почнувам да чувствувам како ми се врти во главата," - рекол друг.

„Сета крв ми оди во главата," - извикнал некој друг.

„Ова е страшно!" - рекол еден многу стар глушец со долги мустаќи. „Ова е навистина страшно! Мора веднаш да сториме нешто!"

„Ќе паднам во несвест ако морам да продолжам да стојам на глава!" - извикнал еден млад глушец.

„И јас исто така!" „Не можам да го издржам ова!"

„Спасете не! Нека стори некој нешто, бргу!"

Сега сите почнале да стануваат хистерични. „Знам што ќе направиме," - рекол стариот глушец. „Сите ќе застанеме на глава и тогаш ќе бидеме правилно наместени. "

Послушно, тие сите застанале на глава, и по долго време, еден по друг почнале да паѓаат во несвест затоа што крвта им јурнала во главата.

Кога Лабон слегол долу следното утро, подот бил послан со глувци. Набрзина ги собрал и сите ги ставил во една кошница.

Она што треба да го запомнете е следното: кога и да ви се чини дека

LIVEWORKSHEETS

**Работен лист – прашања и одговори за текстот „Глувците што стоеле на глава**
**Наставник :**

светот е свртен целосно наопаку, направете сѐ нозете да ви останат цврсто на земјата.

LIVEWORKSHEETS